**Година 2003, март, број 15**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

Веќе сме блиску до средината на летниот семестар. Да се потсетиме: присуството на наставата, вежбите и континуираната проверка на знаењето се наши и студентски приоритети. Наскоро ќе уследи и барањето да се потполни извештајот за текот и посетеноста на наставата. Во априлската сесија ќе полагаат само студентите кои повторуваат студиска година. Време е за вистински напори и резултати.

## COST

COST е европски форум за соработка на полето на научните и техничките истражувања каде Р. Македонија е членка од мај 2002. Делегација на COST во состав г-дин Госта Дил, претседавач и г-дин Ервин ван Риј, раководител во периодот од 24 до 26.03.2003. ја посетија Р.Македонија. При тоа одржаа повеќе средби со преставници на научни институции, владата и одржаа предавање и запознавање со COST.

Програмите и теми како и подетално запознавање со COST може да добиете кај продеканот за наука.

## ПРВО МЕСТО НА СТУДЕНТИТЕ НА МФС НА МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР

Екипата на Машински факултет во состав: Трајче Кичевски, Неда Тозија, Небојша Богоевски и Новица Шотаревски, студенти од насоката индустриско инженерство победи на полуфиналниот натпревар TIMES 2003 (Tournament in Management and Engineering skills) кој се одржа на 15.03.2003 во Будимпешта, под покровителство на ESTIEM (European Students for Industrial Engineering and Management). Учесници на натпреварот (кој се одржуваше паралелно во шест града во Европа) беа студенти од шеесетина универзитети од Европа кои слушаат програми од областа на индустриско инженерство и менаџментот. Во полуфиналето нашите студенти ги победија тимовите на универзитетите од Виена, Берлин, Котбус и Варшава.

Им посакуваме успех на нашите студенти во финалниот натпревар кој ке се одржи во Франкфурт, Германија во период 06.06.2003 до 13.06.2003.

## КОМПЈУТЕРИ ЗА НАГЛЕДНА НАСТАВА

Институтите и оделот за математика добија персонален компјутер со што со предходно добиените ТВ приемници се обезбеди комплет опрема за нагледна настава. Компјутерите се со следна конфигурација: Pentium 4 Celeron на 1.7 GHz, 256

MB DDR RAM, 20 GB HDD, 64 MB видео карта со ТВ излез, ДВД ЦД РОМ, мрежна карта, тастатура и маус.

## ИНТЕРНЕТ УЧИЛНА

Во изминатиов месец, големата училна во Сметачкиот центар беше поделена на две училни. Новата добиена училна ќе биде наменета за интернет користење на студентите. Во неа е обновена електричната и мрежната инсталација. Извршена е интернет конекција. Направен е нов распоред на работните места и набавена е нова опрема. Поставени се 12 персонални компјутери, Pentium 4 Celeron на 1.7 GHz, 256 MB DDR RAM, 20 GB HDD, 32 MB видео карта.

На општо задоволство на студентите, училната ќе биде пуштена во употреба понеделник, 31.03.2003.

## КОМПЈУТЕР ЗА СОЈУЗ НА СТУДЕНТИ

Сојузот на студенти при МФС доби персонален компјутер со следна конфи-гурација: Pentium 4 Celeron на 1.7 GHz, 256 MB DDR RAM, 20 GB HDD, 64 MB видео карта со ТВ излез, ДВД ЦД РОМ, мрежна карта, тастатура и маус.

Им посакуваме пријатна работа и се надеваме дека со него ќе ја изразат својата креативност и успех во работата.

## БИБЛИОТЕКА

Во библиотеката набавени се примероци од следниве книги:

1. Anderson, B.; "Optimal Control, Englewood Cliffs, 1990
2. Zewis, F.; Optimal Control, New York, 1995

## КОНЦЕРТ

**(Најдете време за уметност и релаксација)**

На ден 31.03.2003 со почеток во 20.00 часот во Универзалната сала ќе се одржи концерт со разновидна програма во изведба на солистите: Радмила Бакочевиќ, Славица Петровска - Галиќ, Милка Ефтимова, Вања Лазарова, Калиопи, Тоше Проевски, Марјан Николовски. Под водство на диригентите: Рамадан Шукри, Ерхан Шукри солистите ќе ги пратат оркес-трите: Мандолински оркестар "Скопје", Гудачки состав "Арко", Дувачки септет.

Картите се бесплатни, а пријавување се врши кај техничкиот секретар на МФС.

## Б И Ф Е

Бифето конечно почна со пробна работа. Изнајмувачот "Жито Лукс" вети богат асортиман на прехрабени и освежувачки производи и пијалоци. Се надеваме дека покрај нив, тоа ќе биде причина повеќе за дружење и посета на истото.

## СПОРТ

Пролетниот дел од универзитетската лига во кошарка започнува наскоро. Очекуваме добри резултати од нашите кошаркари.

Екипата во мал фудбал веќе ги почна натпреварите во лигата. Во првите две кола забележа победи со следните резултати; МФС - Градежен факултет 6 : 5 и МФС - Правен 3:1. Моментало нашата екипа е на прво место во групата.

Нашата екипа во мал фудбал учествуваше во турнирот во организација на ФФК каде го зазема 4-тото место.заврши.

На нашите спортски екипи им посакуваме уште подобри резултати и пласман во понатамошниот дел од лигата.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Делчо Јовановски, студиски престој на Универзитетот Аристотел во Солун, Грција во врска со обновување на апликацијата за Темпус - проектот. Престојот е реализиран на ден 27.02.2003 година
2. Проф. д-р Марко Серафимов, службено патување во Франкфурт, Германија со цел посета на Саемот за греење. Престојот ќе се реализира од 23.03 до 29.03.2003 година.
3. Проф. д-р Константин Димитров, службено патување во Франкфурт, Германија со цел посета на Саемот за греење. Престојот ќе се реализира од 25.03 до 29.03.2003 година.
4. Дипл. инж. Огнен Димитров, службено патување во Словенија и Германија со цел посета на фирмата Weishaupt. Престојот ќе се реализира од 25.03 до 29.03.2003 година
5. Проф. д-р Александар Ношпал, доц. д-р Лазе Трајковски и доц. д-р Валентино Стојковски, службено патување во Република Србија - Косово, со цел посета на новите погони на фирмата "Ренова" од Тетово. Престојот е реализиран на ден од 22.03.2003 година.
6. Проф. д-р Александар Мојсовски, службено патување во Германија со цел посета на фирмата ГСМ Инвест. Престојот ќе реализира од 27.03 до 8.04.2003 година.
7. Асс. м-р Филип Мојсовски, службено патување во Германија со цел посета на фирмата ГСМ Инвест. Престојот ќе реализира од 27.03 до 8.04.2003 година.
8. Асс. д-р Никола Тунески, учествуваше на SCOPES семинарот во Охрид во периодот од 08.03 до 11.03.2003 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**24.04.2003**
**29 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

## Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*

*Борис Рошков*